СМРТ НА ФАШИЗМОТ - СЛОБОДА НА НАРОДОТ

# СЛУЖБЕН ЛИСТ
## НА ДЕМОКРАТСКА ФЕДЕРАТИВНА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ" излегува два пати неделно. — Ракописите не се враќаат. — Огласите по тарифата. — Чековна сметка Nr. 62324. — Поштарина платена во готово.

Петок, 23 ноември 1945
БЕОГРАД
БРОЈ 91 ГОД. I

Цената на овој број е 6.— дин. — Претплата за второто полугодиште 1945 год. дин. 350.— Редакцијата: Бранкова бр. 20. — Телефон 28-838

**864.**

На основание членот 2 Одлуката од 30 ноември 1943 година за Врховното законодателно и извршно народно преставително тело на Југославија како времен орган на врховната народна власт во Југославија и на основание Резолуцијата од 10 август 1945 година за промена називот на Антифашистксто векје на народното ослободуење на Југославија во Привремена народна скупштина на Демократска Федеративна Југославија, а на предлог на Министерот за финансии, Претседателството на Привремената народна скупштина на Демократска Федеративна Југославија донесуе

## ЗАКОН
### ЗА ДРЖАВНИОТ БУЏЕТ НА ДЕМОКРАТСКА ФЕДЕРАТИВНА ЈУГОСЛАВИЈА

I

Член 1

1) Во Демократска Федеративна Југославија постојат сојузни, земски и буџети на народните одбори.

2) Секој од овие буџети се состои од два дела, и това од финансов закон односно Правилник и пресметка на расходите и приходите.

3) Сите расходи и приходи како сојузни така и земски, како и расходите и приходите на народните одбори, макар по кое основание постојале и макар каква врста биле, мораат да се внесат во пресметката на расходите и приходите на соодветниот буџет во бруто износ.

Член 2

Предвидуењата во буџетот мораат да бидат стварни.

Член 3

Општиот државен буџет ке се објавуе во „Службениот лист на Демократска Федеративна Југославија", а собирните буџети на земјите во нивните службени весници.

Член 4

Сојузната влада, земските влади и сите народни одбори составуjат свои предлози на буџетот согласно на одредбите на чл. 1, 2 и 3 на овој Закон.

II

Член 5

1) Месниот народен одбор составуе свој подробен предлог и го доставуе на оценуење на Околискиот народен одбор.

2) Финансискиот раководител на околискиот народен одбор го цени поднесениот му предлог и со своите забелешки, како и со одговорот на месниот народен одбор го поднесуе на Извршниот одбор на Околискиот народен одбор на решуење.

Член 6

1) Извршниот одбор на околискиот народен одбор ке состави подробен предлог на буџетот на Околискиот народен одбор, а потова и предлог на ссбирниот буџет за оваа околија и ги доставуе на Окружниот народен одбор.

2) Собирниот буџет на Околискиот народен одбор го сочинуjат: подробен предлог на буџетот на Околискиот народен одбор и сумарните предлози на буџетите на месните народни одбори поединечно.

Член 7

Финансовиот раководител на Окружниот народен одбор го цени поднесениот предлог на буџетот на Околискиот народен одбор и со своите забелешки како и со одговорот на Околискиот народен одбор го поднесуе на Извршниот одбор на Окружниот народен одбор на решуење.

Член 8

Извршниот одбор на Окружниот народен одбор составуе свој подробен предлог на буџетот, а потова и предлог на собирниот буџет на својот округ.

2) Собирниот буџет на Окружниот народен одбор го сочинуjат: подробен предлог на буџетот на Окружниот народен одбор и сумарните предлози на собирните буџети на поедини околиски народни одбори.

3) Вака составениот предлог на собирниот буџет на Окружниот народен одбор Извршниот одбор на Окружниот народен одбор го доставуе на земскиот Министер за финансии.

4) Земскиот Министер за финансии го цени предлогот на буџетот на Окружниот народен одбор и со своите примедби како и со одговорот на окружниот народен одбор го поднесуе на земската влада на решуење.

Член 9

1) Земскиот Министер за финансии составуе подробен предлог на буџетот на земската влада а нотова и земски собирни буџет.

2) Земскиот собирни буџет го сочинуjат: подробен предлог на буџетот на земската влада и сумарните предлози на собирните буџети на неја непосредно подредените народни одбори.

3) Овој предлог на собирниот буџет земската влада го поднесуе на сојузниот Министер за финансии.

Член 10

Сојузниот Министер за финансии го цени предлогот на буџетот на земската влада и со својте прибелешки како и со одговорот на земската влада го поднесуе на сојузната влада на решуење.

Член 11

1) Сојузниот Министер за финансии составуе подробен предлог на сојузниот буџет, а потова и предлог на општиот државен буџет.

2) Предлогот на општиот државен буџет го сочинуе: подробен предлог на сојузниот буџет и сумарните предлози на собирните земски буџети.

Член 12

Вака составен предлог на општиот државен буџет сојузниот Министер за финансии го поднесуе на сојузната влада, која го претресуе и како свој предлог упатуе на узаконуење на сојузниот законодателен орган.

Член 13

По узаконуењето сојузниот законодателен орган го вракја општиот државен буџет на сојузниот Министер за финансии на понатакашна постапка.

Член 14

Сојузниот Министер за финансии ги издвоуе од општиот државен буџет предлозите на собирните буџети на поедини земји и ги доставуе на земските министри на финансиите.

Член 15

Земскиот Министер за финансии поднесуе подробно разработен предлог на буџетот на земската влада и собирните буџети на окружните народни одбори на земскиот законодателен орган на узаконуење.

Член 16

По узаконуењето земскиот Министер за финансии ги издвоуе од земскиот собирен буџет буџетите на окружните народни одбори и ги упатуе на финансовите раководители на окружните народни одбори.

Член 17

1) Финансовиот раководител на Окружниот народен одбор поднесуе подробно разработен предлог на буџетот на Окружниот народен одбор и собирните буџети на околиските народни одбори на скупштината на Окружниот народен одбор на одобруење.

2) По одобруењето финансовиот раководител на Окружниот народен одбор ги издвоуе од предлогот на собирниот буџет на Окружниот народен одбор предлозите на собирните буџети на поедини околиски народни одбори и ги доставуе на финансовите раководители на околиските народни одбори.

Член 18

1) Финансовиот раководител на околискиот народен одбор поднесуе подробно разработен предлог на буџетот на Околискиот народен одбор како и сумарните предлози на буџетите на месните народни одбори на Околискиот народен одбор на одобруење.

2) По одобруењето финансовиот раководител на Околискиот народен одбор ги издвоуе од предлогот на собирниот буџет на Околискиот народен одбор сумарните предлози на буџетите на месните народни одбори и ги доставуе на нив на подробно разработуење и извршуење.

Член 19

1) Месниот, околискиот и окружниот предлог на сумарните буџети содржи поделба на расходите по службите, а во рамка на оваква служба поделба на расходите на: лични, материјални и инвестициони расходи.

2) Сумарниот предлог на сојузниот и земскиот буџет содржи преглед на расходите по ресорите, а во рамка на секој ресор поделба на расходите на: лични, материјални и инвестициони расходи.

3) Во сумарниот предлог на буџетот приходите се внесуат по врстите.

III

Член 20

1) Државните стопански претпријатија поднесујат подробни предлози на своите буџети на финансовиот раководител на оној народен одбор односно влада под чие непосредо раководство се навогјат.

2) На основание вака поднесените предлози на финансовите раководители народниот одбор односно влада внесуе во својот предлог на буџетот со исклучение од членот 1 на овој Закон само вишок на приходите односно расходите на вакво претпријатије.

3) Земскиот Министер за финансии ке доставуе со собирниот буџет на својата земја сите подробни предлози на буџетите на државните стопански претпријатија од неговата територија освен претпријатијата кои се непосредно под сојузната управа. Исто така ке постапат и сојузните министерства во поглед на државните препријатија кои стојат под нивна непосредна управа или надзор.

4) Прописите на ставот 1 и 2 од овој член нема да се применујат додека надлежната сојузна власт не донесе одлука за располагање со приходите од државните стопански претпријатија.

Член 21

1) Кај составот и одобруењето буџетите на градските народни одбори и реонските народни одбори со ранг на околиски народни одбори ке се постапи како кај составот и одобруење буџетите на околиските народни одбори.

2) Кај составот и одобруењето буџетите на градските народни одбори кои имаат ранг на окружниот народен одбор ке се постапи како кај составот и одобруењето буџетите на окружните народни одбори.

3) Народната скупштина на Автономната покраина односно Обласниот народен одбор во поглед на составот и одобруењето буџетите во однос на окружниот народен одбор врши функција на земската влада, а во однос на земската влада се навогја во положај на окружниот народен одбор.

Член 22

Буџетската година почнуе на 1 јануари а се завршуе на 31 декември.

Член 23

Во случај законодателниот орган да не ке може благовремено да одобри предлог на буџетот, сојузната влада може истечениот буџет да го продолжава тромесечно, а најповечку четири пати.

Член 24

Сојузната влада на предлог на сојузниот Министер за финансии ке пропише рокови за поднесуење и одобруење поедини буџети.

Член 25

1) По извршуењето на буџетот ке се состави завршна сметка.

2) Постапка за состав и разрешуење на завршната сметка ке се пропише посебно.

Член 26

1) Се овластуе сојузниот Министер за финансии да пропишуе напатствија за извршуење на овој Закон.

2) Додека несе донесе нов Закон за државното сметководство ке се применујат досегашните прописи за државното сметководство.

3) Се овластуе сојузниот Министер за финансии да времено, додека това приликите сакаат, може да ја скрати постапката на подносуење буџетите по овој закон.

Член 27

Овој Закон влегуе во сила со денот кога ке се објави во „Службениот лист на Демократска Федеративна Југославија".

26 октомври 1945 година

Београд

**Претседателство**
**на Привремената народна скупштина**
**на Демократска Федеративна Југославија**

Секретар,
**Омер Глухиќ**, с. р.

Претседател,
др. **И. Рибар**, с. р.

**865.**

На основание чл. 4 на Одлуката на Претседателството на Антифашисткото векје на народното ослободуење на Југославија за основуење Поверенство за трговија и снабдуење Министерот за трговија и снабдуење на сојузната влада донесуе

## УРЕДБА

### ЗА ОСНОВУЕЊЕ ЗАВОД ЗА РЕПАРАЦИОНИ ПОБАРУЕЊА

Член 1

При Управата за надворешна трговија се основуе Завод за репарациони побаруења.

Член 2

Правилникот за работата и организацијата на овој Завод ке го пропише Министерот за трговија и снабдуење во согласност со Претседателот на Стопанскиот совет.

Член 3

Оваа Уредба влегуе во сила со денот на обнародуење во „Службениот лист на Демократска Федеративна Југославија".

17 ноември 1945 година
Београд

Министер за трговија и снабдуење,
инж. **Никола Петровиќ**, с. р.

**866.**

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАЧИНОТ НА УВОЗОТ И ИЗВОЗОТ ПОМЕГЈУ ЗОНИТЕ „Б" И „Ц"

Во цел да се олесни разменуењето на стока помегју предвојните територии на Југославија (наречени подоцна скратено: „Зона Ц") и териториите под наша војна управа (дел на Јулиска крајина, наречени подоцна скратено: „Зона Б") а во согласност со Војната управа на „Зоната Б".

решуам:

1) Целокупниот увоз и извоз помегју зоната „Б" и „Ц" може да се врши само на основание дозволите кои ги издава Управата на надворешната трговија или нејзините претставителства на увозниците и извозниците од зоната „Ц", односно дозволите кои ги издава Војната управа или институцијата која она ке ја одреди на увозниците и извозниците од зоната „Б".

2) Ликвидацијата на плакјањето од сточниот промет кој ке се обавуе во смисал на претходната точка може да се обавуе само преку собирната сметка во динари, која ке се отвори кај Народната банка на Југославија во Београд, со тоа што собирно место за уплати и исплати за зоната „Б" ке биде Господарската банка за Ријека, Истра и Словеначко Приморје во Ријека. Според тоа, увозниците од обете територии можат да ги измируат своите задолженија само со полагање соодветната вредност на увезената стока на поменатите собирни сметки, со посредство на паричните заводи кои ке бидат овластени за таа цел.

3) Извозот од зоната „Б" во зоната „Ц" има да се фактурира во ит. лири, а извозот од зоната „Ц" во зоната „Б" во динари.

4) Пресметниот курс по сите уплати и исплати преку предвидените собирни сметки износуе 30.— динари за 100.— ит. лири.

5) На извозниците ке се вршат исплати на основание извештајот за полагање на спротивната страна.

6) Преку сите собирни сметки можат да се вршат и плакјања по несточно основа а на основание одобруењето на сојузното Министерство за финансии за уплати во зоната „Ц", односно одобруењето на Војната управа за уплати во зоната „Б".

7) Исто така преку сите собирни сметки можат да се вршат и исплати за потребите на патничкиот промет а на основание на редовните патни исправи (пасоши кои ги издаваат било сојузните било федералните власти) со тоа, да во сите случаи може да се врши трансфер најповекје до 1.000.— динари, односно до 3.000.— лири по особа.

8) Должниците се ослободуат од задолжението дури кога поверителот ке го наплати своето побаруење.

9) Народната банка на Југославија во Београд и Господарската банка за Ријека, Истра и Словеначко Приморје во Ријека ке ја обавуат оваа работа како посредници.

VII бр. 8201
10 ноември 1945 година
Београд

Министер за финансии,
**Ср. Жујовиќ**, с. р.

**867.**

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ПРИМЕНУЕЊЕ РЕШЕНИЕТО НА СТОПАНСКИОТ СОВЕТ ЗА УСЛОВИТЕ НА СЕИДБАТА ШЕКЕРНА РЕПА ВО КАМПАЊАТА НА 1945/46 ГОДИНА

Со Решението на Стопанскиот совет од 12 јануари 1945 година се пропишани условите за сеидба на шекерна репа во кампањата на 1945/46 година.

Под број 1021 од 8 септември 1945 година Стопанскиот совет одлучил, да се на производителите за предадената репа издаде предуем во шекер, и тоа: на домакинствата од 4 члена по 25 кг. шекер со тоа да се на секој член на домакинството преку овој број издаде уште по 2,5 кг. шекер по глава. Ово Решение е донесено да би се овозможило снабдуењето на пасивните краишта со шекер од првата продукција пред зимово.

Со обзир да е кампањата за преработувачката на шекерната репа во течение, а кај некои фабрики при завршеток и поради дефинитивното решение на прашањето на откупната цена на шекерната репа произведена во текот на 1945 година, а на основание заклучокот на Стопанскиот совет од заседанието од 8 ноември година

одлучуам:

Фабриките на шекер да вршат откуп на предадената репа по Решението на Стопанскиот совет од 12 јануари 1945 година со следните измени:

1) На сите производители за произведената репа од површина до 1,5 кј., односно до 0,862 ха., ке се издава 2 кг. шекер за секои 100 кг. на предадената репа без обзир на вкупно обработената површина со шекерна репа.

2) За репата произведена на површини поголеми од 1,5 кј. односно поголеми од 0,862 ха., ке се издава шекер, и тоа:

а) на земјиштата до 3 кј., односно до 1 ха и 73 декари за вишокот преку 1,5 кј. односно преку 0,862 ха., по 0,75 кг. шекер за секои 100 кг. на предадената репа;

б) на земјиштата до 5 кј., односно до 2 ха. и 88 декари за вишокот како горе по 0,25 кг. шекер за секои 100 кг. на предадената репа.

3) Разликата за неприменниот шекер за предадената репа под а) и б), како и за репата од површина од преку 5 кј., односно 2 ха и 88 декари ке се исплати во пари сметајкји ја цената на кристалниот оданочен шекер во продавачката на малку, која ке биде одредена за шекерот произведен во кампањата на 1945/46 година. Шекерот кој е издаден на име предуем ке се одбие од вкупното количество на шекер по овоа Решение.

4) Останалите услови од Решението на Стопанскиот совет од 12 јануари 1945 година, како и одредбата во поглед на издавање шекер на име бонификација за директно испратената репа во фабрика, остануат во сила.

5) Под површина обработена со шекерна репа ке се смета вистински обработената површина од која репата е изведена и предадена на фабриката за преработувачка.

6) Воколку частните или управите на народните имоти издавале земјишта во закуп или наполу во цел за производство на шекерна репа, припагја на закупујачите односно на исполциите 50% шекер од количеството кое би им припаднало по ова Решение. Ова се односуе на исполциите и закупујачите на земјиштата кои немаат договори со фабриката, додека на оние кои имаат овие договори шекерот ке се издаде без овоа ограничуење.

7) Со примениот шекер на име на откупната цена на репата производителите можат слободно да располагаат.

8) Сите факти кои се битни за правилно извршуење на овоа Решение должни се да ги потврдат месните народни власти.

Сојузното Министерство за индустрија е надлежно да дава задолжителни толкуења.

Бр. 1732
14 ноември 1945 година
Београд

Претседател на Стопанскиот совет,
**А. Хебранг**, с. р.

## 868.

На основание на чл. 2 на Законот за застапуење надлештва, институции, претпријатија и организации на јавен карактер издавам

# НАПАТСТВИЕ

## ЗА ЗАСТАПУЕЊЕ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА СООПШТЕНИЈА НА СОЈУЗНАТА ВЛАДА И ПОДРАЧНИТЕ НАДЛЕШТВА, ИНСТИТУЦИИ И ПРЕТПРИЈАТИЈА ПРЕД СУДОВИТЕ И ДРУГИ НАРОДНИ ВЛАСТИ А ВО ПОГЛЕД НА ЗАШТИТА НИВНИТЕ ИМОТНО-ПРАВНИ ИНТЕРЕСИ

Член 1

Министерството за соопштенија ке го застапуе шефот на правната служба на Министерството за соопштенија во сите оние случаи, за кои ке биде од страна на Министерството за соопштенија овластен било посебно за еден конкретен предмет било воопште за извесна сорта предмети или работи од нарочна важност или вредност.

Член 2

**Управа на железниците**

Имотно-правните интереси на Управата на државните железници ке ги застапуат:

а) шефовите на правната служба при управите на железниците во Београд, Загреб, Љубљана, Скопје, Сарајево и Нови Сад пред судевите и други народни власти на територијата од овие управи;

б) шефот на правната служба при Главната управа на железниците по работите од делокругот на оваа Главна управа.

Член 3

**Управа на поморството**

Имотно-правните интереси на Управата на поморството ке ги застапуат:

а) шефот на правната служба на Управата на поморството во Сплит;

б) шефовите на правната служба на Главната управа на поморството, секој во делокругот на своето надлештво.

Член 4

**Управа на речното соопштение**

Имотно-правните интереси на Управата на речното соопштение ке ги застапуе шефот на правната служба при Главната управа на речното соопштение.

Член 5

До дефинитивната организација на Државната управа на јавното соопштение со друмски моторни кола во чл. 2 наведените шефови на правната служба при Главната управа на железниците и Управите на железниците ке ги застапуат и имотно-правните интереси на државните (сојузни и земски) институции и претпријатија кои се веќе основени или ке бидат основени во цел на вршење наведеното јавно соопштение, воколку надлежните управи на дотичната институција или претпријатие тоа би го сакале и издале потребно овластуење.

Член 6

Во спорювите од помала вредност и во помалку важни работи за застапуење имотно-правните интереси пред судовите и други народни власти шефовите на правната служба можат да овластат и други службеници ван правната струка, па и службеници на извршните единици.

Член 7

За застапуење имотно-правните интереси на Министерството за соопштенија и подручните му надлештва, институции и претпријатија пред судовите и други власти на странски држави одлуката во секој поединечни случај ја доносуе Министерот за соопштенија.

Член 8

Врховен надзор над работата во чл. 2, 3 и 4 на наведените шефови на правната служба води Министерот за соопштенија преку шефот на правната служба на Министерството за соопштенија.

Министерот за соопштенија ке издаде поблиски напатствија за работата и ке решуе за евентуални сукоби за надлежноста.

М.С.бр. 4352/45
15 ноември 1945 година
Београд

Министер за соопштенија,
**Тод. Вујасиновић**, с. р.

## 869.

На основание чл. 1 на Уредбата за планско расподелба и потрошуење стока од 12 мај 1945 година Министерот за трговија и снабдуење на сојузната влада донесуе

# РЕШЕНИЕ

## ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ПРИСОБИРАЊЕ И ПРЕДАВАЊЕ ЛОЈ И ТЕХНИЧКИ МРСНОТИИ

Член 1

Сите претпријатија во кои се врши колење стока должни се да вршат присобирање на целокупното количество лој, добиен со колењето говеда или овци.

Присобраните количества, во сирово или топено стање имаат преку земските министерства за трговија и снабдуење односно Оделението за трговија и снабдуење на Претседателството на Народната скупштина на Автономна покраина Војводина, да се при-

јават на Извонредната управа за снабдување, која ке врши расподелба на истите.

Член 2

Одредбите на чл. 1 на овоа Решение во се имаат да се применат и на техничките мрснотии.

За технички мрснотии во смисал на овоа Решение имаат да се сметат сите мрснотии од животинско порекло кои не се употребуат за исхрана.

Член 3

Овоа Решение влегуе во сила кога ке се објави во „Службениот лист".

Бр. 21980
7 ноември 1945 година
Београд

Министер за трговија и снабдување,
инж. **Никола Петровић**, с. р.

---

## 870.

Во цел на поголемуење плодноста на земјиштата кои во текот на војната слабо или никако несе ѓубрени, нарочно на оние на кои ке се засее коноп и шеќјерна репа, се издава

### НАРЕДБА
### ЗА НАЧИНОТ НА РАСПОДЕЛБА НА ВЕШТАЧКОТО ЃУБРЕ

1) Вештачките ѓубриња ке се расподелат на пољоделци и сојузни и земски имоти првенствено за ѓубрење на земјиштата одредени за сеидба на индустриско растение, нарочно коноп и шеќјерна репа

Употребата на вештачкото ѓубре на тие земјишта е задолжителна.

2) Околиските народни одбори непосредно или преку окружните народни одбори ке ги известат земските министерства за пољоделие за потребите на вештачките ѓубриња на сите пољоделци, кои ке засеат коноп и шеќјерна репа со назначуење на вкупните површини за подручјето на околиата наменети за сеидба на тие култури.

Во тој смисол ке постапуат и земските и сојузните имоти.

3) Земските министерства за пољоделие ке извршат расподелба на вештачките ѓубриња на околии и земски и сојузни имоти на основание на требуењата по точ. 2 на оваа Наредба.

Диспозицијата на вештачките ѓубриња на поедини федерални единици ја врши сојузното Министерство за пољоделие на основание предлозите на земските министерства за пољоделие.

4) После утврдените потребни количества на вештачки ѓубриња за напред наведените цели, вишокот на истите ке се употреби за останали култури.

5) Земските министерства за пољоделие ке издаваат потребни прописи во рамката на оваа Наредба.

6) Оваа Наредба влегуе во сила кога ке се објави во „Службениот лист".

II бр. 11204
19 ноември 1945 година
Београд

Министер за пољоделие,
др. **В. Чубриловић**, с. р.

## 871.

### НАРЕДБА
### ЗА УВОДУЕЊЕ ЕДНООБРАЗНО СМЕТКОВОДСТВО ВО ФАБРИКИТЕ ЗА ПИВО

На основание Одлуката за еднообразно сметководство од 1 февруари 1945 година, Државниот ревизион завод изработил:

а) Сметни план за мали пивари,
б) Сметни план за средни и големи пивари,
в) Објаснуење на сметните планови.

Според Решението на Министерот за трговија и снабдуење за роковите на сообразуењето на сметководство („Службен лист" бр. 46) број 545 од 27 јуни 1945 година, сите фабрики за пиво кои се според Одлуката за уводуење еднообразно сметководство (член 2, точка а и б) задолжени да уведат еднообразни сметководства, ке ги сообразат своите сметководства според сметковниот план за средните и големи пивари најдолгу до крај на декември 1945 година.

Останалите фабрики за пиво кои според спомена тиот член на Одлуката за уводуење еднообразно сметководство не се задолжени да ги сообразат своите сметководства според сметниот план за средни и големи претпријатија, можат да ги сообразат според сметниот план за мали пивари, земајки ги при тоа во обзир објаснуењета на сметните планови.

Според постигната согласност со претставителите на пиварите, се одредуе работна година од 1 октомври до 30 септември. Претпријатијата кои веќе со 1 октомври 1945 година го увеле еднообразното сметководство ке ја продолжат својата работна година. Останалите претпријатија ке го уведат еднообразното сметководство со 1 јануари 1946 година а работниот период ке го заклучат со 30 септември 1946 година, кој според тоа како прв ке опфаќа сосем 9 месеци.

Изработуачката на сметниот план на фабриките за пиво е објавена во посебно издавање на „Службениот лист".

Бр. Р-3. — Од Државниот ревизион завод, 15 ноември 1945 година.

---

# ОДЛИКОВАНИА

### ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО
### на Антифашисткото веќе на народното ослободуење на Југославија

на предлог на Врховниот командант на Југословенската армија, Маршал на Југославија Јосип Броз-Тито

решуе

да се за храброст покажана во борбата одликујат

### СО МЕДАЉА ЗА ХРАБРОСТ:

капетани: Келеуа Милоша Михајло, Ковачевић Јована Милан, Рула Симе Драган, Тубић Петра Љубан, Чокић Драгана Милош, Акик Јована Бранко, Батножић Милана Вељко, Божић Миле Јован, Борковић Јакова Драган, Вујаковић Адама Симо, Вујић Штефа Стево, Гаљен Ђуре Васиљ, Грубор Вује Миња, Живковић Обрада Љубан, Јандрић Јована Мирко, Јока Миле Никола, Калаузовић Шерифа Мухарем, Кесер Симе Петар, Лончаревић Кузмана Раде, Кључанин Дерве Омер, Кнежевић Манише Никица, Мениħанин Стевана Божо, Милаковић Милоша Милош, Новаковић Петра Илија, Њежић Љубана Стојан, Остојић Које Васиљ, Петровић Дмитра Ђуро, Пешкир Николе Глиго, Поткоњак Ђурђа Бранко, Ранић Јанка Никола, Разумић Драге Јосип, Руштухић Салиха Смаил, Сарапа Мојсије Душан, Скробо Матије Сава, Тривановић Обрада Раде, Ђехић Реце

Сулејман, Фелић Омера Осман, Чизмић Милана Милан и Шумоња Павла Мишо;

командир на четата Ватиар Алојза Алојз;

заменик командирот четата Порчић Хасе Селим;

комесар на четата Врбанчић Фрање Петар;

помоћници на комесарот на четата Драгастин Ивана Иван и Клеменчић Милана Мирко;

политделегат Цар Николе Јанко;

член на економскиот отсек Мишковић Миће Никица;

шеф на канцеларијата Скорупан Илије Станко;

в. д. референт на санитетскиот батаљон Пољански Никиловић Васиљ;

потпоручници: Арбутина Илије Душан, Бајректаревић Бешира Омер, Боројевић Петра Душан, Зук Јосипа Елза, Иксић Марка Мојо, Кљаић Марка Јово, Миљковић Илије Петар, Петковић Ђуре Мирко, Прибићевић Ђуре Илија, Прибићевић Васе Ђуро, Радошевић Симе Љубан, Тодоровић Јанка Нећелко, Траншек Петра Драгутин, Узелац Петра Васиљ, Шесто Стевана Мирко, Штрбац Дмитра Михајло и Шушњар Илије Драган;

заставници: Ацић Петра Стана, Бјелић Душана Милан, Велебит Стојана Милутин, Гојић Симе Бранко, Грубић Милана Ђуро, Диздаревић Омера Омер, Јовић Николе Петар, Каурић Ивана Стево, Кузмановић Мате Стипо, Подунавац Николе Милан, Поповић Које Душан, Свилокос Мирка Адам, Срдалић Ивана Иван, Станковић Петра Ана, Туропољац Стевана Милан, Чакара Илије Јово и Штековић Миле Стоја;

делегат на бригадата Дежелић Ивана Мишко;

делегат извиђач Мужа Јосипа Никола;

делегат на бригадата Шандор Стјепана Иван;

старши водници: Балаћ Вује Боса, Балаћ Илије Драган, Белавић Мике Мијо, Бјелановић Петра Мирко, Винцић Павла Сава, Војић Ибрахима Мехмед, Гагић Николе Милан, Гргић Стеве Душан, Грмуша Јована Љубан, Дабић Јована Васо, Дакић Петра Драган, Дејановић Раде Душан, Драженовић Ивана Мишо, Драча Николе Срђан, Дужић Мате Славко, Заставниковић Исе Исак, Јуричевић Симе Иван, Катић Ивана Славица, Кепчија Васе Васо, Ковачић Лацка Мато, Курепа Милана Никола, Лазић Миле Васиљ, Лалић Јосипа Симо, Лединко Мије Томо, Мајкић Миле Илија, Манџука Идриза Мухарем, Марић Ђуре Никола, Мартић Вује Стеван, Мартић Јанка Стево, Мећава Петра Милован, Миланковић Стевана Лазо, Миличевић Стевача Илија, Мразовац Јанка Никола, Мургић Мије Марко, Мушић Мустафе Ибрахим, Нужда Раде Петар, Плавшић Саве Стоја, Познановић Милана Петар, Полак Николе Петар, Потуровић Беће Суљо, Прибићевић Јована Арсеније, Прпић Јандре Марко, Рајшић Николе Перо, Ресановић Миле Јанко, Рогуља Драгана Михајло, Родић Стојана Миле, Рудић Јована Перо, Скрадски Марка Стјепан, Спахић Мехо, Тарабић Ђуре Милан, Тепшић Ђуре Милован, Терзић Ђуре Миле, Тривановић Николе Душан, Ћеран Николе Стеван, Француљ Ивана Милан, Цветковић Јанка Иван, Црљеница Милана Танасије, Чоклин Петра Милош, Чорковић Јована Никола, Чучковић Ђуре Ђуро, Шајатовић Илије Марко и Шесто Павла Којо;

водник на четата Абазовић Маше Хасан;

водници: Барешић Стјепана Стјепан, Беговић Павла Милан, Беде Николе Никола, Врбетић Мате Фрањо, Грновић Симе Никола, Дајић Стевана Љубица, Дакић Николе Лазо, Дмитровић Раде Драган, Домитровић Николе Никола, Драјсигер Миксе Егон, Дробњак Петра Милован, Ђагић Хусеина Мехмед, Ђурић Јована Љубан, Живковић Стевана Бранко, Јарњевић Петра Јанко, Кларић Мате Јосип, Кнежевић Марка Милан, Ковјанић Јована Никола, Крунић Петра Ђуро, Латиновић Петра Драган, Лончар Ивана Милан, Лулић Омера Селе, Лупшина Ивана Винко, Магличић Ивана Мијо, Мартинец Блажа Стјепан, Мартиновић Јована Стојан, Мацековић Томе Павао, Медаковић Миле Милан, Меничанин Ђуре Драган, Милаковић Василије Ђоко, Мирковић Жарка Миливој, Несванулица Петра Марко, Обрадовић Ђуре Никола, Ољача Стевана Михајло, Папа Томе Стјепан и Пауновић Јанка Милан;

водник заменик на командирот Пидро Мује Мустафа;

водници: Полимац Стојана Стево, Поповић Илије Душан, Приселац Фрање Јанко, Прпић Мије Јуре, Пучко Мартина Марко, Рајак Миле Милан, Ракмановић Хашима Ибро, Раљевић Томе Павао, Рекић Беће Ибро, Секулић Јанка Јанко, Симић Павла Васо, Старешинић Јанка Славо, Тривановић Аћима Урош, Ушаков Ивана Михаел, Цветановић Јована Даница, Цурић Сејфе Адил, Чанчар Ђуре Јуре, Челтекмашов Василија Андреј, Чугаљ Јована Милан, Шабанагић Хусеина Хасан, Шетка Антона Весна, Шесто Јована Бранко, Шешљага Људевита Драгутин, Шикања Стојана Милош, Штајдухар Иван и Штековић Миле Драган;

в. д. на водници: Алџић Хасана Беćир и Мујановић Ахмеда Ибрахим;

млађи водници: Бритвец Јосипа Драгутин, Бродарић Стјепана Стјепан, Вељаче Саве Павао, Видечек Антона Петар, Вујаклија Миле Перо, Вујатовић Миле Никола, Вуље Стјепана Иван, Губерина Јована Драгица, Деветак Миле Љубан, Ђедовић Петра Павао, Жунац Стјепана Фрањо, Зец Павла Божо, Ивашић Фрање Иван, Јазавац Стојана Бранко, Јаковић Петра Никола, Карапанџа Милана Благоје, Кереновић Сулејмана Ариф, Клоков Андрије Николај, Кесеровић Елеза Назиф, Ладешић Фрање Фрањо, Миљевић Станка Станко, Мошкун Јосипа Фрањо, Панџић Осме Хасан, Познановић Стевача Илија, Пухача Михајла Ратко, Радешић Мате Иван, Ризвић Хусеина Џемал, Роџић Матије Стјепан, Сваржић Вида Стјепан, Сланац Николе Петар, Тадић Марка Стево, Тривунчевић Вује Десанка, Туропољац Стевача Станко, Халиловић Сеифа Хусеин, Херцег Фрање Иван, Хрвојић Стјепана Иван, Царић Јована Остоја, Цуле Дамјана Младен, Шабанагић Хусеина Хасан, Шахиновић Меха Мехмед, Шкртић Мике Фрањо и Шпага Алије Мехо;

десетари: Абраменко Ивановић Димитриј, Астаков Алексе Глигорије, Бајрамовић Суље Осман, Балић Омера Мујо, Бараћ Ђуре Милан, Битуљац Томе Мато, Бољковац Јосипа Јосип, Вуковић Петра Фрањо, Дементјев Михајла Никола, Додош Ђуре Стојан, Драговић Симе Мишко, Ђурић Петра Гојко, Ердић Османа Ибрахим;

старши водници: Живковић Николе Душан и Живковић Милоша Петар;

десетари: Замлакар Илије Стево, Ившан Јосипа Мартин, Јакшић Марка Иван, Кароица Петра Станко, Крковић Милана Илија, Ламаић Дане Манојло, Ловринић Томе Мирко, Машиновић Омера Омер, Микулин Јакова Стјепан, Миљевић Лазе Илија, Михалић Јуре Драго, Мусханџија Мусханџије Александар, Ракић Луке Вид, Рекановић Ахмета Ахмет, Смољанац Ђуре Адам, Тежак Мате Мијо, Фулир Антона Антон, Фурић Мија Ивана, Халилагић Ахмета Мујага, Халиловић Хасе Хасиб и Хрговић Јурја Јурај;

в. д. десетари: Кајдић Омера Хасан, Ламут Јакова Милан, Станковић Јураја Стјепан, Татијашвили Давид;

митраљесци: Баљак Ивана Јанко, Бекрић Суље Рамо, Буковић Стјепана Вјекослав, Виноврешки Николе Драго, Декилић Стјепана Антон, Дервић Фехрета Мухарем, Дизадревић Мује Осман, Кајтезовић Мује Мухамед, Кладушан Јосипа Павле, Купрес Томе Звонко, Мушић Хасана Смаил, Петрић Марка Илија, Техлић Селиха Хасан, Реџић Хаса Алија, Ризвић Мехмеда Мехо, Самшенија Аполон, Тијановић Хасана Мехмед, Ћордић Хусеина Хусеин, Фиолић Јураја Иван и Чаушевић Ајде Мехо;

пушкомитраљесци: Антолић Августа Јосип, Бујанов Николајевић Алексије, Врапчевић Шиме Петар, Давидов Јакова Алекса, Зедоров Симона Борис, Квanталијан Владо, Ковачић Ивана Мирко, Колетић

Ивана Мирко, Колетић Јанка Иван, Кремоцјенко Григорије, Кушан Јосипа Стјепан, Ливаковић Раме Ахмед, Матаковић Мије Иван, Милатовић Фрање Иван, Мрзлак Томе Јанко, Пашка Васиља Георгије Платанов Ивана Јосип, Полухин Стјепана Иван, Пушпар Филипа Јосип, Сечен Стјепана Иван, Станић Николе Михајло и Табољин Ивана Иван;

пушкомитраљезец Чулик Стјепана Иван;

нишанџија Гувалија Леон;

бричач Костечов Алексијев Михаел;

нишанџији: Цаганић Ивана Никола и Цестар Јосипа Јанко;

курири: Мискић Хусе Аго и Палорец Ивана Стјепан;

борци: Антић Каријан, Алешевић Ибре Хашин, Ауст Јосипа Јосип, Ачидзе Кируша, Бабић Османа Омер, Бајић Теше Војислав, Барјактаровић Бајре Касим, Бакота Николе Никола, Бањанац Петра Дмитар, Барбарић Јакова Изидор, Бардело Александра Алдо, Басара Марка Никола, Баста Ђуре Петар, Бегановић Мухамеда Џафер, Беић Ђуре Ђуро, Белањин Јакоба Сергеј, Берона Васе Милан, Бируш Томе Фрањо, Божидичков Софиолин Симеон, Бољар Стјепана Андрија, Боместар Јосипа Драган, Боровић Јосипа Иван, Боројевић Илије Драган, Боромиса Раде Мићан, Бранковић Куће Кузман, Будић Стевана Душан, Бујинац Мирка Новак, Варга Антуна Иван, Васиљевић Љеонита Васиљ, Видечек Антона Јосип, Визикиди Грегоровић Лењин, Влајнић Ђуре Петар, Војинић Јанка Милош, Вранеш Николе Бранко, Врбанчић Јуре Јанко, Вукмировић Николе Васо, Вукота Ђуре Стево, Вученовић Млађен, Гајски Јанка Илија, Гарасута Михајла Петар, Гвоздановић Петра Милован, Гђемидов Павел, Герасин Ивана Владимир, Граовац Стеве Илија.

економ Григалашких Грегориј;

борци: Грцић Ђуре Раде, Грубор Јове Љубан, Гургенадзо Маисевић Александар, Густин Ивана Лавро, Додош Душана Бранко, Долочки Јосипа Фрањо, Драгосавац Саве Милош, Дрвењеци Иван, Дробац Илије Милан, Дукић Николе Раде, Думбовић Стјепана Никола, Дурић Халила Шериф, Жунић Ђуре Пејо, Зорић Павла Стана, Зук Михајла Стјепан, Јеленчић Мије Стево, Кагичајшвили Александар, Карајица Стојана Јован, Кинг Андрије Драган, Кладар Лазе Светозар, Кланчер Томе Фрањо, Ковачук Николаја Перо, Колић Мије Стјепан, Конахин Васиља Николај, Кнежевић Илије Милан, Кожељ Ивана Иван, Корасић Остоје Љубан, Котур Јанка Никола, Краљевић Јосипа Стјепан, Кресталица Ивана Илија ,Криз Ивана Иван, Круглов Андрије Иван, Круљац Томе Мато, Кузњичев Васиља Александар, Кулунџић Миле Јован, Кундор Драгутина Славко, Курузовић Вељка Перо, Кустурица Мавре Ибро, Лалић Саве Драган, Лазарев Тараса Иван, Липатников Иноканта Николај, Лончар Антуна Иван, Маковић Јанка Антон, Маркелов Ивана Борис, Марковић Гавре Јово, Милић Симе Симо, Миљевић Дмитра Јован, Могуш Јосипа Петар, Мозбек Ивана Иван, Мржњак Ибре Хасан, Мужа Стјепана Иван, Мујагић Сулејмана Сулејман, Мустеданагић Алије Осман, Мустеданагић Алије Шериф, Новаковић Илије Лазо, Ножинић Јанка Милан, Огњенов Јосипа Владимир, Опачић Мирка Фрањо, Илћен Стевана Мирко, Перчинов Атанасије Станоје, Пешкир Петра Миле, Пиван Владимира Григорије, Пишиповић Петра Милош, Пиљак Фране Никола, Плављанић Стевана Милош, Подљак Пајe Иван, Пожар Марка Иван, Познановић Васе Ђуро, Погак Фрање Јосип, Пријић Јанка Стево, Раданић Станка Лазо, Радић Стевана Милан, Радовић Јанка Сава, Рајић Раде Раде, Рајчевић Марка Стево, Ракас Стевана Драган, Раонков Василије Иљоријан, Ребаков Бориса Никола, Ребрача Васиља Евица, Рекановић Бајре Асан, Ројев Прекопа Николај, Руданчић Ивана Фрањо, Савин Фјодора Васиљ, Семарџија Љубана Сава, Сарић Богдана Богданка, Секулић Марка Павао, Свегитов Прокопфа Николај, Слепчевић Миле Љубица, Соколкин Павла Фјодор, Стамболија Илије Раде, Стојаковић Душана Миле, Стојаковић Петра Душан, Сусац Ловре Никола, Сутура Луке Душан, Суханов Митрофана Исман, Томисевић Михајла Јово, Тривановић Раде Милан, Трупчевић Томе Мијо, Трушовић Ивана Фјодор, Турковић Ивана Јаков, Ћикуров Ивана Борис, Фроловић Симона Васиљиј, Фујер Ивана Јосип, Хегедушић Ђуре Драго, Хребников Игнаца Јакоб, Хрмић Мије Никола, Цазек Матије Иван, Циганков Адолф, Циганов Павла Глигорије, Чачић Мије Јосип, Чецић Антона Драгутин, Чучковић Николе Борка, Шабановић Мује Рагиб, Шабанагић Хусеина Аго, Шантић Ивана Мате, Швајсеовили Ћићибо, Швинаборзе Сергеј, Шпицај Марка Томо, Шесто Душана Бранко, Шимулија Мирка Живко, Школьди Михаила Борис, Шпрајцер Јосипа Иван, Штајдухар Петра Мато, Штибл Ивана Ружица, Штула Јове Дмитар, Шукунда Ђуре Ђуро, Шушэкан Јакова Милош, Шурхавенко Димитрије Фјодор;

на работа во ком. вој. позад. Петрић Мане Милица;

на работа во II ек. слаг. VI корп. Приковић Уроша Јово;

четни болничар Бојлов Јосинов Николај, Иванишек Симона Грегориј;

делегат во бриг. „Фос" Илија Фрање Фрањо;
болничар Кузњецов Николаја Борис;
болничар на бат. Федис Стјепана Александар;
курир Хазановић Хусе Ејуб.

Бр. 256
27 јуни 1945 година
Београд

Секретар,
**М. Перуничић,** с. р.

Претседател,
др. **И. Рибар,** с. р.

# ДЕКРЕТИ

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ПОШТИ ТЕЛЕГРАФИ И ТЕЛЕФОНИ

Со Решение на Министерот за пошти, телеграфи и телефони бр. 12679 од 12 септември 1945 год., а на основание решението на Министерството за пошти, телеграфи и телефони број 3925 од 18 април 1945 година, се уводат во должност во Министерството за пошти, телеграфи и телефони Персонално оделење — Персонален отсек Жижић Н. Милосав, пристав осма група пошта, телеграф и телефон Ниш 1; Поштанско оделење; Донић В. Светислав, пристав осма група во Дирекцијата на пошти, телеграфи и телефони во Београд; во Дирекцијата на пошти, телеграфи и телефони Београд: Стокић С. Драгољуб, виши пристав седма група Министарство п. т. и т. во I Т. Т. Т. секција Београд: Нешић Б. Миодраг, п. т. т. чиновник осма група I т. т. т. секција Београд; при пошта, телеграф и телефон Београд 2: Јовановић Ђ. Александар, п.т.т. чиновник осма група пошта Београд 2; при пошта, телеграф и телефон Ниш 2: Ђорђевић С. Божидар, п. т. т. званичник прва група трећа периодска повишица пошта, телеграф и телефон Ниш 1; при пошта, телеграф и телефон Обреновац: Ружић В. Живко, контролор седма група пошта, телеграф и телефон Смедерево; при пошта, телеграф и телефон Лапово 2: Радосављевић С. Драгош, помоћен чиновник десета група прва периодска повишица пошта, телеграф и телефон Лапово 2, со тоа да врши должност управител на иста пошта; при пошта, телеграф и телефон Умка: Симић С. Живомир, служител друга група прва периодска повишица, телеграф и телефон Умка; при пошта, телеграф и телефон Чајетина: Виторовић М. Милован, чиновнички приправник по § 45/2 Ч. з. пошта, телеграф и телефон Београд 2 — сите до сега во пленство.

Со Решение на Министерот за пошти, телеграфи и телефони бр. 13365 од 21 септември 1945 година, а на основание чл. 1 и 4 Уредбата за поставуење и унапредуење на државни службеници на Демократска Федеративна Југославија и чл. 2 Уредбата за регулисуење принадлежности на државни службеници од граѓански ред како и останалите јавни службеници на сојузните министерства и установи се поставујат: за чиновнички приправници по § 45/1 Ч. з. во пошта, телеграф и телефон Мостар: Бубало С. Зора, свршена ученица четврти разред реална гимназија и Капор Т. Цвијета од Требиње, свршена ученица на Женска стручна школа; во пошта, телеграф и телефон Столац Бузаљко С. Џемаила, од Столац, свршена ученица на грађанска школа со завршен испит; во пошта, телеграф и телефон Требиње Брковић М. Јованка, од Нецвијеће, Срез требињски, свршена ученица на пети разред реална гимназија; за п. т. т. званичници трећа група во пошта, телеграф и телефон Гацко Ербез С. Јелена од Метохија кој Гацка, свршена ученица трећи разред стручна продужна школа, во пошту телеграф и телефон Мостар Алихоџић С. Фахра, од Мостар, свршена ученица на други разред Женска занатска школа; во пошта, телеграф и телефон Требиње Стијачић М. Зора, свршена ученица на трећи разред гимназија; за службеници друга група во пошта, телеграф и телефон Билеће Илић М. Милован, од Дол, Срез Билеће; во пошта, телеграф и телефон Гацко, Хрустановић С. Смаија од Гацко; во пошта, телеграф и телефон Коњиц Јелечковић М. Есма-Салима од Коњиц; во пошта, телеграф и телефон Љубиње Гашић Н. Коса, од Чваљина, Срез љубињски и Домазет Ђ. Вукосава, од Влаховићи, Срез љубињски; во пошта, телеграф и телефон Љубушки Диздаревић Х. Медиха од Љубушки и Кадрагић А. Фадила од Љубушки; во пошта, телеграф и телефон Требиње Хаџимаховић С. Ариф од Скочигрм, Срез требињски; во пошта, телеграф и телефон Чапљина Верајa Н. Гоша од Чапљина и Фазлагић К. Шахзија од Чапљине

---

Со Решение на Министерот за пошти, телеграфи и телефони бр. 12704 од 12 септември 1945 година, а на основание на поднесени молби, чл. 4 Уредбата за поставуење и унапредуење државни службеници на Демократска Федеративна Југославија и чл. 2 тач. 5 Уредбата за регулисуење принадлежности на службеници на савезните министарства и установи се иоставуjат за службеници друга група во Дирекцијата за пошти, телеграфи и телефони Нови Сад: Суђан Спасенија, Продановић Милица, Андрић Анка, Туцаковић Милица и Драгомировић Катица; во пошта, телеграф и телефон Нови Сад 1: Коларски Василија и Иванов Зорка; во пошта, телеграф и телефон Сремска Митровица Звонаревић Анка; во пошта, телеграф и телефон Сента Туцаковић Јулка; во пошта, телеграф и телефон Петровград 1 Равић Веселинка; во пошта, телеграф и телефон Сомбор: Стевановић Јелена; во пошта, телеграф и телефон Панчево Лујански Зорка, — сите надничари-чистачици на споменатите пошти.

---

Со Решение на Министерот за пошти, телеграфи и телефони бр. 12732 од 12 септември 1945 година, а на основание чл. 4 Уредбата за поставуење и унапредуење на државни службеници на Демократска Федеративна Југославија од 2 април 1945 година и чл. 2, 4 и 6 Уредбата на регулисуење принадлежности на државни службеници граѓански ред од 20 април 1945 година, поставуjат се за чиновнички приправници по § 45/3 Ч. з. во Дирекцијата п. т. т. Загреб: Рандулић др. Миљенко; за чиновнички приправник по § 45/2 Ч. з. во Дирекцијата п. т. т. Загреб: Карабељ Нада; за чиновнички приправници по § 45/1 Ч. з. во Дирекцијата п. т. т. Загреб: Дундовић Зденка и Рициаш Ђурђица; за службеник друга група во Дирекцијата п. т. т. Загреб: Бенгез Вилим; за п. т. т. званичник 3 група во Дирекцијата п. т. т. Загреб: Чубриковић Мира; и за хонорарни службеник со месечен хонорар во износ од динари 1.800.— Вукмировић Мара, со тоа да се стави на расположење на Дирекцијата п.т. т. Сплит за ради потамошен распоред.

---

Со Решение на Министерот за пошти, телеграфи и телефони бр. 12437 од 8 септември 1945 година, а на предлог Дирекцијата за пошти, телеграфи и телефони Загреб бр. 18576 од 28 август 1945 година се отпуштат од државна служба: Лалић Т. Владимир, технички виш контролор т.т.т. секција во Брод на Сава; Клем Ј. Милан, виши контролор 6 група пошта Валпово; Штефелић Б. Евица, манипулант 9 група пошта Осијек 3; Кустић Д. Божена, чиновнички приправник по § 45/2 Ч. з. пошта Загреб 1; Флајс В. Антун, служител 2 група пошта Валпово; Јанушић А. Станко, дневничар служител пошта Славонска Пожега; и Вуковић И. Петар, инспектор 5 група пошта Дарувар.

---

Со Решение на Министерот за пошти, телеграфи и телефони бр. 12439 од 8 септември 1945 година, а заради сарадња со окупаторот се отпуштат од државна служба: Рунац Иван, п. т. т. инспектор; Аралица Пашко, виши контролор; Јелаш Станко, п. т. т. званичник; Јелаш Неда, п. т. т. званичник; Матуловић Марко, манипулант, Виличић Нарциз, званичник чувар т. т. т. линији и Занела Анте, званичник, — сите Дирекцијата п. т. т. Сплит.

## СОДРЖАНИЕ:


| | | Страна |
|---|---|---|
| 964. | Закон за државниот буџет на Демократска Федеративна Југославија — — — — — — — | 979 |
| 965. | Уредба за оснувуење Завод за репарациони побаруења — — — — — — — — — | 979 |
| 966. | Решение за начинот на увозот и извозот помеѓу зоните „Б" и „Ц" — — — — — — | 979 |
| 867. | Решение за применуење Решението на Стопанскиот совет за условите на сеидбата шекерна репа во кампањата за 1945/46 година — — — — — — — — — — — — | 979 |
| 968. | Напаствие за застапуење на Министерството за соопштенија на сојузната влада и подрачните надлештва, институции и претпријатија пред судовите и другите народна власти а во поглед на заштита на нивните имотно правни интереси — — — | 980 |
| 969. | Решение за задолжително присобирање и предавање лој и технички мрснотии — — | 980 |
| 970. | Наредба за начинот на расподелбата на вештачкото ѓјубре — — — — — — — — — | 981 |
| 971. | Наредбата за уводуење на еднообразното сметководство во фабриките за пиво — | 981 |


**Издавач: Редакцијата на „Службениот лист на Демократска Федеративна Југославија" — Београд, Бранкова 20. — Директор и одговорни уредник: Слободан М. Нешовић, Мајке Јевросиме 20. — Штампа на Државна штампарија, Београд.**